# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

| Број 1 | петок, 30 јануари 2026 |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk

## *Содржина*

**Градоначалник на Општина Струмица:**

**Рег.бр.** **Стр.**

**1.Јавна** објава непознат имател КП 5586 КО Струмица.............................................................. 3
**2.Решение** за давање на согласност за отварање на сметка на СОУ „Јане Сандански„………... 3
**3. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 6-та седница на Советот на општина Струмица ................................................................................................................ ..... 3

**Совет на Општина Струмица:**

**Рег.бр** **Стр.**

4. **Одлука** за доделување парична помош на Анита Стојанова од Струмица……………..6
5. **Одлука** за доделување парична помош на Усеин Јусеинов од Струмица……………...6
6. **Одлука** за доделување парична помош на Вања Андонова од Струмица……………...6
7. **Одлука** за доделување парична помош на Надица Василева Спасова од Струмица...7
8. **Одлука** за доделување парична помош на Ивана Ангова од Струмица………………...7
9. **Одлука** за доделување парична помош на Татјана Јоноска Ефтиммова од с.Куклиш……………………………………...7
10. **Одлука** за давање на времено користење на тениски игралишта во склоп на Дом на АРМ Струмица на тениски клуб „Нет“ Струмица……………………………………..8
11. **Одлука** за давање на времено користење на фудбалско игралиште во населено место Куклиш на фудбалски клуб „Интер Кукла“…………………………………..……..9
12. **Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти…………………………………….....10
13. **Одлука** за утврдување надоместок за користење на јавна површина за време на одржувањето на манифестацијата

„Струмички карневал“ за 2026 година……………………………………...**10**

14. **Одлука** за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица………………………………..…**11**
15. **Програма** за дополнување на Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема на територијата на општина Струмица за 2026 година…………………**12**
16. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година…………………………………..…**13**
17. **Предлог** – План за запишување на ученици во прва година во средните општински училишта во општина Струмица во учебната 2026/2027 година……………**14**
18. **Правилник** за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица……………………………..…..**16**
19. **Правилник** за условите, критериумите и постапката за доделување финансиска поддршка за стекнување и унапредување на тренерски лиценци или спортски работници во Општина Струмица………**29**
20. **Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита…………………..**32**
21. **Решение** за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи……………………………..…**32**
22. **Решение** за разрешување членови и вршители на должност членови и именување вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица…………………..…**32**
23. **Решение** за разрешување членови и вршители на должност членови и именување вршители на должност членови на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица………..……**33**
24. **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица…………………..…**33**
25. **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица…………………………**34**
26. **Заклучок** за давање согласност на Одлука за задолжување на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица……………………………….…**34**
27. **Заклучок** за давање согласност на Ценовник за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа за 2026 година на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица……………………………………**34**

**1.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“бр. 124/15 и 65/18), ја извршувам следната достава преку:

**Ј а в н а о б ј а в а**

Општина Струмица го повикува НЕПОЗНАТИОТ ИМАТЕЛ НА ГРАДБА во рок од 1 (еден) ден, да се јави во просториите на Општина Струмица, да го подигне Налогот за извршување со Ип1 бр.26/20-422 од 16.01.2026 година, донесен од овластениот градежен инспектор.

Општина Струмица, преку овластениот градежен инспектор, со горенаведениот Налог за извршување, му налага на непознатиот имател веднаш да ја отстрани градбата од член 73 став (1) алинеја 10 и алинеја 13 од Законот за Градење – огради и помошни градби во функција на индивидуален/и станбен/и објект/и на КП.5586 КО Струмица во определениот рок.

Парцелата КП.5586 КО Струмица е запишана на Имотен лист број 15333 за КО Струмица и е со изложени права со површина од 5214м2, двор и е во сопственост на Република Северна Македонија,

Доколку непознатиот имател не го подигне Налогот за извршување , оваа Јавна објава се смета за уредна достава на Налогот за извршување со Ип1 бр.26/20-422 од 16.01.2026 година, донесен од овластениот градежен инспектор и сите негативните последици кои можат да настанат од истата ги сноси самата странка.

Бр.09-235/1 Општина Струмица
27.01.2026 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Петар Јанков

..............................................

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од “ Законот за локална самоуправа“ (“ Сл.весник на РМ“ бр.5/02) на член 39 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“ Сл.гласник на Општина Струмица“ бр.5/06) во врска со отварање и затварање на сметки на буџетски корисници во рамките на трезорската сметка, глава IV точка 16 алинеја 5 од Упатството за начинот на трезорско работење (“Сл..весник на РМ“Бр.219/2018), Градоначалникот на општина Струмица, дава

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање на согласност за отварање на сметка**

1.На буџетскиот корисник СОУ “ Јане Сандански “ Струмица му се дава согласност за отварање на донаторска сметка 785 за донација од програмата ЕРАЗМУС +програмата, (рег.Бр. 2025-2-МК01-КА210- VET-000370570) со име на проектот AI Bridge: Europe’sagri-tourismgateway(AI мост:Европски агро-туристички премин), согласно нивното барање број 05-127/1 од 27.01.2026 година.

2.Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник ,, на општина Струмица.

Бр.05-625/1 Општина Струмица
29.01.2026 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Петар Јанков

..............................................

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 6-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 6-та седница на Советот на

општина Струмица, одржана на 29.01.2026 година и тоа:

1. Одлука за доделување парична помош на Анита Стојанова од Струмица, бр.08-701/1 од 30.01.2026 год.;
2. Одлука за доделување парична помош на Усеин Јусеинов од Струмица, бр.08-702/1 од 30.01.2026 год.;
3. Одлука за доделување парична помош на Вања Андонова од Струмица, бр.08-703/1 од 30.01.2026 год.;
4. Одлука за доделување парична помош на Надица Василева Спасова од Струмица, бр.08-704/1 од 30.01.2026 год.;
5. Одлука за доделување парична помош на Ивана Ангова од Струмица, бр.08-705/1 од 30.01.2026 год.;
6. Одлука за доделување парична помош на Татјана Јоноска Ефтиммова од с.Куклиш, бр.08-706/1 од 30.01.2026 год.;
7. Одлука за давање на времено користење на тениски игралишта во склоп на Дом на АРМ Струмица на тениски клуб „Нет“ Струмица, бр.08-707/1 од 30.01.2026 год.;
8. Одлука за давање на времено користење на фудбалско игралиште во населено место Куклиш на фудбалски клуб „Интер Кукла“, бр.08-708/1 од 30.01.2026 год.;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти, бр.08-709/1 од 30.01.2026 год.;
10. Одлука за утврдување надоместок за користење на јавна површина за време на одржувањето на манифестацијата „Струмички карневал“ за 2026 година, бр.08-710/1 од 30.01.2026 год.;
11. Одлука за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица, бр.08-711/1 од 30.01.2026 год.;
12. Програма за дополнување на Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема на територијата на општина Струмица за 2026 година, бр.08-712/1 од 30.01.2026 год.;
13. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година, бр.08-713/1 од 30.01.2026 год.;
14. Предлог – План за запишување на ученици во прва година во средните општински училишта во општина Струмица во учебната 2026/2027 година, бр.08-714/1 од 30.01.2026 год.;
15. Правилник за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица, бр.08-715/1 од 30.01.2026 год.;
16. Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување финансиска поддршка за стекнување и унапредување на тренерски лиценци или спортски работници во Општина Струмица, бр.08-716/1 од 30.01.2026 год.;
17. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита, бр.08-717/1 од 30.01.2026 год.;
18. Решение за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, бр.08-718/1 од 30.01.2026 год.;
19. Решение за разрешување членови и вршители на должност членови и именување вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, бр.08-719/1 од 30.01.2026 год.;
20. Решение за разрешување членови и вршители на должност членови и именување вршители на должност членови на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, бр.08-720/1 од 30.01.2026 год.;
21. Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица, бр.08-721/1 од 30.01.2026 год.;
22. Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост“

Струмица, бр.08-722/1 од 30.01.2026 год.;

**23.** Заклучок за давање согласност на Одлука за задолжување на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица, бр.08-723/1 од 30.01.2026 год.;

**24.** Заклучок за давање согласност на Ценовник за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа за 2026 година на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица, бр.08-724/1 од 30.01.2026 год.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-725/1 Општина Струмица
30.01.2026 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Петар Јанков

..............................................

**4.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**

**за доделување парична помош на Анита Стојанова од Струмица**

**Член 1**

На Анита Стојанова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 40.000,оо денари, како помош за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-701/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**5.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**

**за доделување парична помош на Усеин Јусеинов од Струмица**

**Член 1**

На Усеин Јусеинов од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 40.000,оо денари, како помош за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-702/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**6.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Вања Андонова од Струмица**

**Член 1**

На Вања Андонова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 40.000,оо денари, како помош за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за

2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-703/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**7.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**

**за доделување парична помош на Надица Василева Спасова од Струмица**

**Член 1**

На Надица Василева Спасова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 40.000,оо денари, како помош за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-704/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**8.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Одлука**

**за доделување парична помош на Ивана Ангова од Струмица**

**Член 1**

На Ивана Ангова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,оо денари, како помош за лекување на нејзиниот син Димитар Ангов.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-705/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**9.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Одлука**

**за доделување парична помош на Татјана Јоноска Ефтимова од с.Куклиш**

**Член 1**

На Татјана Јоноска Ефтимова од с.Куклиш и се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,оо денари, како помош за лекување на нејзиниот син Виктор Ефтимов.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-706/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

............................................

**10.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02 и „Службен весник на РСМ” број 202/24), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**

**за давање на времено користење на тениски игралишта во склоп на Дом на АРМ Струмица на тениски клуб „Нет“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Струмица, дава на времено користење тениски игралишта во склоп на Дом на АРМ Струмица, во сопственост на Општина Струмица кои се наоѓаат на КП бр.492/1, КП бр.493, КП бр.6277/1 и 491/1, во КО Струмица, со координати на тениски игралишта: точка 01, кота X7637180.819 – Y 4590046.246, точка 02, кота X7637207.914 – У 4590014.400, точка 03, кота X7637200.516 – У459008.689, точка 04 кота X7636210.354 – У 4590007.744, точка 05, кота X7637178.886 – У 4589990.386, точка 06, кота X7637157.196 – У 4590015.166, точка 07, кота X7637159.121 – У4590016.649, точка 08, кота X7637156.524 – У 4590020.019, точка 09, кота X7637158.973 – У 4590027.609, на тениски клуб „Нет“ Струмица.

**Член 2**

Тениските игралишта во член 1 од оваа Одлука се даваат на времено користење, без надомест за период од 4 години, со можност за продолжување, а се со цел прилагодување за тренажен процес, во смисла на реконструкција со сопствени средства и создавање подобри услови за децата и рекреативците како појдовна точка за поорганизирана работа и развој на тенискиот спорт во Општина Струмица.

**Член 3**

Примопредавањето на тениските игралишта од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши со Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица.

**Член 4**

Од денот на примопредавањето на тениските игралишта, корисникот е должен истиот да го користи како добар домаќин според неговата намена.

Корисникот одговара за штетата што ќе настане со неодговорно однесување и користење спротивно на став 1 од овој член.

**Член 5**

На корисникот не му е дозволено да ги издава тениските игралишта од член 1 на оваа Одлука во подзакуп на други физички или правни лица за вршење на друга дејност.

**Член 6**

Правото на користење на тениските игралишта на корисникот, ќе престане доколку:

- со правосилна судска одлука му се изрече забрана за вршење на дејност;
- престане да ја обавува дејноста;
- ако не ги користи тениските игралишта согласно намената или врши пренамена;
- доколку на несовесен начин нанесува штета на тениските игралишта;
- ако навремено не ги извршува тековните обврски.
-

**Член 7**

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа Одлука, ќе се регулираат со посебен договор помеѓу Општина Струмица и тениски клуб „Нет“ Струмица.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-707/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

.............................................

## 11.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02 и „Службен весник на РСМ” број 202/24), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на времено користење на фудбалско игралиште во населено место Куклиш на фудбалски клуб „Интер Кукла“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Струмица, дава на времено користење фудбалско игралиште во населено место Куклиш, во сопственост на Општина Струмица, на КП бр. 4456/1 во КО Куклиш, со површина од 7563м2, на на фудбалски клуб „Интер Кукла“ од населено место Куклиш.

**Член 2**

Фудбалското игралиште во член 1 од оваа Одлука се дава на времено користење, без надомест за период од 4 години, со можност за продолжување, за реализирање на тренинзи на младинската школа за фудбал и за сениорска екипа која се натпреварува во 4-та лига.

**Член 3**

Примопредавањето на фудбалското игралиште од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши со Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица.

**Член 4**

Од денот на примопредавањето на фудбалското игралиште корисникот е должен истиот да го користи како добар домаќин според неговата намена.

Корисникот одговара за штетата што ќе настане со неодговорно однесување и користење спротивно на став 1 од овој член.

**Член 5**

На корисникот не му е дозволено да го издава фудбалското игралиште од член 1 на оваа Одлука во подзакуп на други физички или правни лица за вршење на друга дејност.

**Член 6**

Правото на користење на фудбалското игралиште на корисникот, ќе престане доколку:

- со правосилна судска одлука му се изрече забрана за вршење на дејност;
- престане да ја обавува дејноста;
- ако не го користи фудбалското игралиште согласно намената или врши пренамена;
- доколку на несовесен начин нанесува штета на фудбалското игралиште;
- ако навремено не ги извршува тековните обврски.

**Член 7**

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа Одлука, ќе се регулираат со посебен договор помеѓу Општина Струмица и фудбалски клуб „Интер Кукла“ од с.Куклиш.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-708/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

## 12.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 23 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и 16/25), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Одлука**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Струмица утврдено во член 23 во Законот за угостителска дејност, се продолжува за 2 часа, за периодот на карневалските празнувања во Општина Струмица, односно во периодот од 20 февруари - 22 февруари 2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-709/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

## 13.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување на надоместок за користење на јавна површина за време на манифестацијата „Струмички карневал“ за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместок за користење на јавни површини за поставување на времени објекти за време на одржувањето на манифестацијата „Струмички карневал“.

**Член 2**

Надоместокот за користење на една позиција со површина од 4 м² за целото

времетраење на манифестацијата изнесува **6.000 денари (шест илјади денари)**.

**Член 3**

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се уплатува на сметка на Општина Струмица, пред користењето на јавната површина.

**Член 4**

Доказ за извршена уплата е услов за издавање одобрение за користење на јавната површина. Уплатениот надоместок не подлежи на поврат, без оглед на тоа дали корисникот ќе ја користи доделената локација во целост или делумно, освен во случај на откажување на манифестацијата од страна на Општината.

**Член 5**

За спроведување на оваа Одлука се задолжуваат надлежните служби на Општина Струмица и организациониот одбор на манифестацијата.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-710/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

## 14.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 208/24 и 193/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**
**за издавање на гаранција за задолжување на**
**ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа одлука се издава гаранцијата за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица-Гас“ Струмица во Алта Банка АД Битола и условите под кои таа се издава.

**Член 2**

Општина Струмица безусловно и неотповикливо се обврзува и ги гарантира сите плаќања на ЈПЕД ,,Струмица-Гас“ Струмица кои ќе произлезат од договорот за заем склучен врз основа на Одлуката за задолжувањето на ЈПЕД ,,Струмица-Гас“ Струмица кај Алта Банка АД Битола број 02-37/5 од 16.01.2026 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈПЕД ,,Струмица-Гас“ Струмица.

**Член 3**

Општина Струмица дава гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица-Гас“ Струмица под следните услови:

- Вкупен износ на задолжување: 20.000.000,оо денари
- Задолжување во Алта Банка АД Битола
- Каматна стапка: 3,5%
- Рок: 12 месеци
- Провизија за одобрување: 0,5% еднократно
- Без провизија за предвремено вратен кредит
- Начин на отплата – сукцесивно согласно можностите, но не покасно од датумот на доспевањето
- Обезбедување со Договор за гаранција помеѓу ЈПЕД,,Струмица-Гас“ Струмица и Општина Струмица.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-711/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

**15.**

Врз основа на член 80-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Програма**
**за дополнување на Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема на територијата на општина Струмица за 2026 година**

**I**.Во Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема на територијата на општина Струмица за 2026 година по глава V се додава Точка **V – А:**

„За време на одржувањето на манифестацијата „Струмички карневал“, Општина Струмица ќе овозможи користење на јавни површини во централното градско подрачје, на претходно утврдени и обележани локации, распоредени во три (3) зони, согласно локациска поставеност – скица со позиции која е составен дел на ова дополнување.

Јавните површини се наменети за поставување на времени објекти (штандови, куќарки и слично) и за вршење продажни, угостителски и промотивни дејности поврзани со манифестацијата.

Секоја поединечна позиција опфаќа површина од 4 м² и се доделува за користење за целото времетраење на манифестацијата.

Право на користење на јавна површина имаат правни лица регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија, како и физички лица регистрирани за вршење занаетчиска дејност и евидентирани во Занаетчиската комора, при што еден корисник може да користи само една локација.

При распределбата на локациите, Општината може да даде приоритет на локални излагачи и субјекти кои со својата понуда придонесуваат за промоција на локални производи, занаети и традиција.

Распределбата на локациите ќе се врши по принципот „прв дојден – прв услужен“, освен во случај кога поради ограничен број на позиции или поради концептот на манифестацијата ќе биде потребна селекција на пријавените учесници.

Општината го задржува правото да одбие барање за користење на јавна површина доколку предложената дејност, изгледот на објектот или содржината не се во согласност со концептот, безбедноста или јавниот интерес поврзан со манифестацијата.

Висината на надоместокот за користење на јавните површини, како и начинот на плаќање, се утврдуваат со посебна одлука на Советот на Општина Струмица.

Спроведувањето на ова дополнување нема да ги загрози правата на редовните корисници на јавни површини кои располагаат со важечки одобренија. Активностите поврзани со манифестацијата се однесуваат исклучиво на времени позиции и за временски период поврзан со одржувањето на карневалот.

Во случаи кога поради безбедносни или организациски причини ќе биде потребно привремено ослободување или прилагодување на дел од јавна површина која е предмет на редовно одобрение, тоа ќе се врши во координација со постојните корисници и за строго определен временски период, без трајно ограничување на нивните права.

По завршување на манифестацијата, јавните површини продолжуваат да се користат согласно издадените редовни одобренија и важечките договори.

Надзорот над користењето на јавните површини го вршат надлежните служби на Општина Струмица, во соработка со организациониот одбор на манифестацијата.“

**Зона 1**




**Зона 2**




**Зона 3**




2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-712/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

**...............................................**

## 16.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2026 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.18/25), се вршат следните дополнувања:

I.Во Програмата **Ф1 –Урбанистичко планирање**

Во глава **VI Урбанистички проект**, во табелата по реден број 21 се додава:

| **Р.б.** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 22 | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А1-5 – куќи во состав на селско стопански двор на КП 660 и КП 661, КО Просениково вон град** со плански опфат со следните катастарски парцели:<br><br>**- КП 660 и КП 661 КО Просениково вон град** | Самофинансирање |
| 23 | - **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 686 и дел од КП 676 КО Сачево, со намена А4.1 – отворени,** | Самофинансирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **полузатворен и и затворени скалдишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови** со плански опфат со следните катастарски парцели: **КП 686 и дел од КП 676 КО Сачево** | |

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-713/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

**...............................................**

## 17.

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**ПРЕДЛОГ- ПЛАН**
**за запишување на ученици во прва година во**
**средните општински училишта во општина Струмица**
**во учебната 2026/2027 година**

**Училишта:**

1. **Средно општинско училиште „Јане Сандански“-Струмица**

Во прва година имаат можност да се запишат вкупно 322 ученици распоредени во 10 паралелки на македонски наставен јазик според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование**
- 204 ученици распоредени во 6 паралелки, на македонски наставен јазик и **Стручно образование**
- 118 ученици распоредени во 4 паралелки, на македонски наставен јазик, на Економско-правна и трговска струка и тоа две паралелки за профилот економски техничар,една паралелка за профилот економски техничар-дуална и една паралелка за профилот техничар за е-трговија и дигитален маркетинг-дуална.

| Вид на образование | | Предлог за учебната 2026/27 година | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупно паралелки | Вкупно ученици |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **а) Гимназиско образование** | | **6** | **204** |
| **б) Стручно образование ( во четиригодишно траење) вкупно :** | | **4** | **118** |
| Струка | Образовен профил | | |
| Економско правна и трговска | Економски техничар | 2 | 68 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| струка | Економски техничар-дуална паралелка | 1 | 25 |
| | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг- дуална паралелка | 1 | 25 |
| в) Стручно образование (во тригодишно образование) вкупно: | | | |
| Струка | Образовен профил | | |
| г) Стручно образование (во реформирано тригодишно траење) вкупно : | | | |
| Струка | Образовен профил | | |
| **ВКУПНО а)+ б)** | | **10** | **322** |

2. **СОУУД „Димитар Влахов"-Струмица**

Во прва година ќе можат да се запишат 386 ученици распоредени во 15 паралелки на македонски наставен јазик според наставни планови и програми за:

| Вид на образование | | Предлог за учебната 2026/27 год. | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупно паралелки | Вкупно ученици |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **а) Гимназиско образование** | | | |
| **б) Стручно образование (во четиригодишно траење) вкупно :** | | **10** | **286** |
| Струка | Образовен профил | | |
| Земјоделско ветеринарна струка | Агротехничар | 1 | 25 |
| | Техничар за агроменаџмент | 1 | 25 |
| | Техничар по ветеринарна медицина | 1 | 25 |
| | Техничар за фитомедицина | 1 | 25 |
| Хемиско-технолошка струка | Техничар за козметички и хемиски производи | 1 | 34 |
| | Хемиско-лабораториски техничар / Прехрамбен техничар / | 1 | 25 |
| Здравствена струка | Фармацевтски техничар | 1 | 34 |
| | Медицинска сестра | 1 | 34 |
| | Физиотерапевтски техничар | 1 | 34 |
| Угостителско-туристичка | Угостителски техничар | 1 | 25 |
| **в) Стручно образование (во тригодишно образование) вкупно** | | **4** | **100** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Струка | Образовен профил | | |
| Земјоделство, рибарство и ветеринарство | Градинар-Цвеќар / Ракувач со земјоделска механизација | 1 | 25 |
| Хемиско-технолошка | Пекар / Месар | 1 | 25 |
| Угостителско-туристичка | Готвач - Келнер | 1 | 25 |
| Здравство и социјална заштита | Болничар / Неговател | 1 | 25 |
| | | | |
| **г) Стручно образование (во реформирано тригодишно траење) вкупно :** | | | |
| | | | |
| Струка | Образовен профил | | |
| **ВКУПНО б) + в)** | | **14** | **386** |

Овој Предлог-План влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-714/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

**18.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Правилник**
**за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Струмица до спортските клубови, здруженија и други правни лица во областа на спортот во Општина Струмица.

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА**

Буџетските средства се распределуваат на спортските клубови, здруженија и други правни лица во областа на спортот кои се натпреваруваат во супер, прва, втора и трета лига и се делат на 3 (три) групи и тоа:

1. ФУДБАЛ
2. КОШАРКА, ОДБОЈКА И РАКОМЕТ(поделени на машки и женски клубови)
3. ОСТАНАТИ СПОРТОВИ (Пинг-понг, тенис, шах, карате, кик бокс, риболовни и ловечки друштва, планинарство, алпинизам, атлетика, мото спортови, велосипедски клубови, стрелаштво, и др.)

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката L0 – Спорт се наменети за поддршка на спортот во Општина Струмица.

**ЈАВЕН ПОВИК**

Распределба на средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за јавни дејности за доделување на средства до спортските клубови/здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (јануари до март).

Јавниот повикот содржи:

Комплетна документација од извршена регистрација на клубот/здружението
* Тековна состојба не постара од 3 месеца
* Тековна Вистински сопственик не постара од 3 месеци
* Решение за вршење на дејност спорт издадено од страна на Министерство за спорт или АМС
* Годишна програма за работа, со детален буџет
* Извештај за потрошените средства добиени од Општина Струмица за претходната година (наративен и со прилози (фискални сметки, фактури, банкарски изводи и тн)) и други докази за исполнување на условите согласно Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица;
* Формулар за аплицирање (од ВЕБ страната на општината)

Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 8 дена од денот на објавување на огласот

- Рачно напишани пријави не се прифаќаат
- Секој апликант кој ќе добие сума над 100.000 (сто илјади) денари дополнително ќе треба да достави наменска сметка која ќе се користи исклучиво за финансиски средства од Општина Струмица

Пријавите со непотполна документација или по истекот на определниот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ДО СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Стручна оценка и избор на клубови/здруженија на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици (во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат 3 члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат претставници од општинската администрација (2 члена) и комисијата за култура, спорт и млади при Советот на Општина Струмица (1 член). Комисијата ја именува Градоначалникот на општина Струмица.

Мандатот на комисијата е 1 година, со право на реизбор.

Комисијата ги има следниве надлежности:

1. Ја разгледува доставената документација пристигната по Јавниот Повик;
2. Врши проверка за веродостојноста на апликацијата и податоците во неа;
3. Врши бодување за секој апликант согласно бодовната методологија;

4. Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови, за донесување на одлука и

5. Во зависност од бројот на здруженија/клубови кои ќе се пријават на јавниот повик Комисијата има право да префрла средства од една во друга група

6. Го задржува правото да отфрли некоја екипа и да не ја вметне во распределбата доколку се појават некакви нелогичности по извршената проверка.
7. Комисијата има право да не ја распредели целата сума по јавниот повик.

8. Доколку од одреден спорт, поделени во машка и женска категорија, се пријави само една екипа од категоријата, комисијата има за право да одреди сума спрема годишната Програма на здружението/клубот со детален буџет или барањето да го проследи до Градоначалникот.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

**ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Струмица врз основа на предлог од Комисијата за распределба на средства, по спроведена евалуацијата на годишните програми врз основа на утврдени критериуми.

Во рок од најмногу 15 дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените апликации, увиди дека е помал бројот на пријавените спортски клубови/здруженија од предвиденото.

**МЕТОДОЛОГИЈА за утврдување на бодовите за распределба на финансиски средства до спортските клубови, здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица**

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Комисијата за одлучување, на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми.

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ**

**Цел на методологијата**

Целта на оваа методологија е да обезбеди:

- транспарентна,
- објективна,
- правична и
- мерлива

распределба на финансиските средства за спортските клубови, со посебен акцент на развојот на младинските категории, масовноста и обезбедувањето квалитетни услови за работа.

---

**Опфат**

Методологијата се применува за сите спортски клубови од супер, прва, втора и трета лига кои аплицираат за финансиска поддршка преку Јавниот повик на Општина Струмица за 2026 година, и кои доставиле целосна, валидна и навремена документација.

---

**Основни принципи**

1. **Транспарентност** – сите критериуми и бодови се јавно објавени.
2. **Рамноправност** – сите клубови се третираат по исти правила.
3. **Мерливост** – секој критериум е објективно проверлив.
4. **Поттик за развој** – се стимулираат клубови со развиена младинска работа, масовност и стабилна организациска структура.

---

**Критериуми и бодовен систем (фудбал)**

Финансиските средства се распределуваат според следните критериуми:

---

**1. Лига на сениорскиот тим во тековна сезона**

Доказ: Табела од Комет систем

| Лига | Бодови |
|---|---|
| Прва лига | 4 |
| Втора лига | 3 |
| Трета лига | 2 |
| Нема учество | 0 |

---

**2. Младинска школа – Ниво и број на категории во тековна сезона**

Доказ: Табели од Комет систем и неофицијална табела од Детска лига

| Ниво / Категории | Бодови |
|---|---|
| Супер лига + сите категории | 15 |
| Прва лига + сите категории | 12 |
| Некомплетна школа (мин. 3 категории) | 6 |
| 2 категории | 3 |
| 1 категорија | 1 |

| Ниво / Категории | Бодови |
|---|---|
| Без младинска школа | 0 |

---

**3. Масовност во младински категории во момент на апликација**

Доказ: Листа од Комет систем

| Број на регистрирани деца | Бодови |
|---|---|
| Над 200 | 15 |
| 150–199 | 12 |
| 100–149 | 9 |
| 50–99 | 6 |
| Под 50 | 2 |
| 0 | 0 |

---

**4. Број на вработени во момент на апликација**

Доказ: Потврда од АВРМ

| Вработени | Бодови |
|---|---|
| Над 20 | 10 |
| 10–19 | 7 |
| 5–9 | 4 |
| 1–5 | 1 |
| 0 | 0 |

---

**5. Потрошени финансиски средства во последната календарска година и финансиска транспарентност**

Доказ: Завршна сметка или ревизорски извештај за изминатата календарска година

| Годишни средства | Бодови |
|---|---|
| Над 300.000 € | 7 |

| Годишни средства | Бодови |
|---|---|
| 200.000–299.999 € | 5 |
| 100.000–199.999 € | 3 |
| 50.000–99.999 € | 2 |
| Под 50.000 € | 1 |

---

**6. Инфраструктура во момент на апликација**

Доказ: Договор за концесија или доказ за сопственост

| Инфраструктура | Бодови |
|---|---|
| Стадион со лиценца за официјални натпревари на сениорскиот тим+ помошен терен + клубски простории | 10 |
| Стадион со лиценца за официјални натпревари на сениорскиот тим | 7 |
| Стадион само за тренинг - без лиценца за натпревари на сениорскиот тим | 4 |
| Нема сопствен или под концесија стадион | 0 |

---

**7. Освоена шампионска титула во сениори за претходна натпреварувачка сезона**

Доказ: Табела од Комет систем

| Лига | Бодови |
|---|---|
| Освоена Прва лига | 30 |
| Освоена Втора лига | 10 |
| Освоена Трета лига | 5 |
| Освоен Куп | 20 |

---

**8. Настап во европски купови во тековна сезона**

- Лига на шампиони – **25 поени**
- Друг европски куп (организиран од УЕФА) – **10 поени**
- Нема настап – **0**

---

**9. Број на репрезентативци/ки во сениорска и младински репрезентации во изминатата календарска година**

Доказ: Официјален повик од надлежна федерација

| **Број на репрезентативци** | **Бодови** |
|---|---|
| 7 или повеќе | 5 |
| Од 4-6 | 3 |
| Од 1-3 | 1 |
| Нема | 0 |

---

**10. Традиција**

Доказ: Година на формирање

| **Години** | **Бодови** |
|---|---|
| 30 години и повеќе | 5 |
| 16-30 години постоење | 3 |
| 1-15 години постоење | 1 |
| Нема | 0 |

---

**Критериуми и бодовен систем (одбојка, кошарка, ракомет)**

**Појаснување: За секој спорт се смета одделно, односно посебно за одбојкарските клубови (поделени на машки и женски), кошаркарските (поделени на машки и женски), ракометните (поделени на машки и женски).**

**Објаснување на критериумите (Одбојка жени)**

**1. Категорија на сениорски тим во тековна сезона**

- Прва лига – **25 поени**
- Втора лига – **10 поени**
- Трета лига – **5 поени**

**2. Резултати на сениорски тим за претходна натпреварувачка сезона**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Национален шампион – 20 **поени**

- Национален куп шампион – **15 поени**

**3. Настап во европски купови во тековна сезона**

- Лига на шампиони – 20 **поени**
- Друг европски куп (CEV) – **10 поени**
- Нема настап – **0**

**4.Младински развој - тековна сезона**

Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Сите младински категории – **15 поени**
- Неколку категории (минимум 2) – **10 поени**
- Една категорија – **3 поен**
- Нема категории – **0**

**5. Масовност во младински категории во момент на апликација**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Над 150 деца – 22 **поени**
- 100–149 деца – 18 **поени**
- 50–99 деца – 15 **поени**
- 20–49 деца – 5 **поени**
- До 19 деца – **1 поен**
- Нема деца – **0**

**6. Организациска стабилност во момент на апликација**
Доказ: Потврда од АВРМ

- Над 10 вработени – **10 поени**
- 4–9 вработени – **5 поени**
- 1–3 вработени – **2 поени**
- Нема вработени – **0**

**7. Потрошени финансиски средства за претходна календарска година и финансиска транспарентност**
Доказ: Завршна сметка или ревизорски извештај

- Над 100.000 евра – **20 поени**
- 50.000–99.999 евра – **15 поени**
- 15.000–49.999 евра – **10 поени**
- 1–14.999 евра – **1 поен**

**8. Традиција**

Доказ: Година на формирање

| Години | Бодови |
|---|---|
| 50 и повеќе | 30 |
| 31 - 50 | 15 |
| 16-30 години постоење | 5 |
| 1-15 години постоење | 1 |

**9. Инфраструктура во момент на апликација**

Доказ: Договор за концесија или доказ за сопственост

| Инфраструктура | Бодови |
|---|---|
| Спортска сала со лиценца за официјални натпревари на сениорскиот тим+ клубски простории | 10 |
| Спортска сала само за тренинг - без лиценца за натпревари на сениорскиот тим | 5 |
| Нема сопствена или под концесија спортска сала | 0 |

**10. Број на репрезентативци/ки во сениорска и младински репрезентации во изминатата календарска година**

Доказ: Официјален повик од надлежна федерација

| Број на репрезентативци | Бодови |
|---|---|
| 7 или повеќе | 15 |
| Од 4-6 | 10 |
| Од 1-3 | 5 |
| Нема | 0 |

---

**КАТЕГОРИЈА - 2**

**(ОДБОЈКА МАЖИ)**

**Објаснување на критериумите**

**1. Категорија на сениорски тим во тековна сезона**

- Прва лига – **25 поени**
- Втора лига – **10 поени**
- Трета лига – **5 поени**

**2. Резултати на сениорски тим за претходна натпреварувачка сезона**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Национален шампион – 40 **поени**
- Национален куп шампион – **20 поени**

**3. Настап во европски купови во тековна сезона**

- Лига на шампиони – 50 **поени**
- Друг европски куп (CEV) – **40 поени**
- Нема настап – **0**

**4.Младински развој - тековна сезона**

Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Сите младински категории – **15 поени**
- Неколку категории (минимум 2) – **5 поени**
- Една категорија – **1 поен**
- Нема категории – **0**

**5. Масовност во младински категории во момент на апликација**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Над 150 деца – 40 **поени**
- 100–149 деца – 30**поени**
- 50–99 деца – 20 **поени**
- 20–49 деца – 10 **поени**
- До 19 деца – **1 поен**
- Нема деца – **0**

**6. Организациска стабилност во момент на апликација**
Доказ: Потврда од АВРМ

- Над 10 вработени – **5 поени**
- 4–9 вработени – **4 поени**
- 1–3 вработени – **2 поени**
- Нема вработени – **0**

**7. Потрошени финансиски средства за претходна календарска година и финансиска транспарентност**
Доказ: Завршна сметка или ревизорски извештај

- Над 100.000 евра – **40 поени**
- 50.000–99.999 евра – **30 поени**
- 15.000–49.999 евра – **10 поени**

- 1–14.999 евра – **1 поен**

**8. Традиција**

Доказ: Година на формирање

| Години | Бодови |
|---|---|
| 50 и повеќе | 50 |
| 31 - 49 | 20 |
| 16-30 години постоење | 5 |
| 1-15 години постоење | 1 |

**9. Инфраструктура во момент на апликација**

Доказ: Договор за концесија или доказ за сопственост

| Инфраструктура | Бодови |
|---|---|
| Спортска сала со лиценца за официјални натпревари на сениорскиот тим+ клубски простории | 10 |
| Спортска сала само за тренинг - без лиценца за натпревари на сениорскиот тим | 5 |
| Нема сопствена или под концесија спортска сала | 0 |

**10. Број на репрезентативци/ки во сениорска и младински репрезентации во изминатата календарска година**

Доказ: Официјален повик од надлежна федерација

| Број на репрезентативци | Бодови |
|---|---|
| 7 или повеќе | 30 |
| Од 4-6 | 15 |
| Од 1-3 | 3 |
| Нема | 0 |

**Објаснување на критериумите (Кошарка мажи)**

**1. Категорија на сениорски тим во тековна сезона**

- Прва лига – **25 поени**
- Втора лига – **10 поени**
- Трета лига – **5 поени**

**2. Резултати на сениорски тим за претходна натпреварувачка сезона**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Национален шампион – 20 **поени**
- Национален куп шампион – **15 поени**

**3. Настап во европски купови во тековна сезона**

- Лига на шампиони – 20 **поени**
- Друг европски куп (CEV) – **10 поени**
- Нема настап – **0**

**4.Младински развој - тековна сезона**

Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Сите младински категории – **15 поени**
- Неколку категории (минимум 2) – **10 поени**
- Една категорија – **1 поен**
- Нема категории – **0**

**5. Масовност во младински категории во момент на апликација**
Доказ: Потврда од систем на надлежна федерација

- Над 150 деца – 20 **поени**
- 100–149 деца – 15 **поени**
- 50–99 деца – 10 **поени**
- 20–49 деца – 5 **поени**
- До 19 деца – **1 поен**
- Нема деца – **0**

**6. Организациска стабилност во момент на апликација**
Доказ: Потврда од АВРМ

- Над 10 вработени – **5 поени**
- 4–9 вработени – **4 поени**
- 1–3 вработени – **3 поени**
- Нема вработени – **0**

**7. Потрошени финансиски средства за претходна календарска година и финансиска транспарентност**
Доказ: Завршна сметка или ревизорски извештај

- Над 100.000 евра – **20 поени**

- 50.000–99.999 евра – **15 поени**
- 15.000–49.999 евра – **10 поени**
- 1–14.999 евра – **1 поен**

**8. Традиција**

Доказ: Година на формирање

| **Години** | **Бодови** |
|---|---|
| 50 и повеќе | 30 |
| 31 - 50 | 15 |
| 16-30 години постоење | 5 |
| 1-15 години постоење | 1 |

**9. Инфраструктура во момент на апликација**

Доказ: Договор за концесија или доказ за сопственост

| **Инфраструктура** | **Бодови** |
|---|---|
| Спортска сала со лиценца за официјални натпревари на сениорскиот тим+ клубски простории | 10 |
| Спортска сала само за тренинг - без лиценца за натпревари на сениорскиот тим | 5 |
| Нема сопствена или под концесија спортска сала | 0 |

**10. Број на репрезентативци/ки во сениорска и младински репрезентации во изминатата календарска година**

Доказ: Официјален повик од надлежна федерација

| **Број на репрезентативци** | **Бодови** |
|---|---|
| 7 или повеќе | 15 |
| Од 4-6 | 10 |
| Од 1-3 | 3 |
| Нема | 0 |

---

| Оценување Група 3 - ОСТАНАТИ СПОРТОВИ<br>3 критериуми |
|---|

| I - Јачина на првенство | поени |
|---|---|
| - Прва лига | 20 |
| - Втора лига | 10 |
| - Турнирски систем (задолжителен) | 10 |
| - Турнирски систем (незадолжителен) | 5 |
| - Само младинска лига | 10 |
| - Не се натпреварува организирано | 3 |

| II - Младинска школа | поени |
|---|---|
| - Комплетна школа во сите категории | 20 |
| - Школа со неколку категории (некомплетна) | 8 |
| - Школа со само 1 категотрија | 2 |

| III - Масовност во клубот (во сите категории) | поени |
|---|---|
| - Над 100 членови | 30 |
| - од 50 до 99 членови | 20 |
| - од 25 до 49 членови | 10 |
| - до 25 членови | 5 |

Врз основа на освоените бодови, клубот/здружението добива соодветен процент од предвидените средства во секоја група одделно.

**Формула за распределба**

Средствата се распределуваат според формулата:

Износ за клубот= (Поени на клубот/Вкупно поени на сите клубови)×Вкупно расположливи средства

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

По донесување на одлуката за доделување на средствата и после јавното објавување, Општина Струмица и клубот/здружението кое има добиено финансиски средства, во рок од 15 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет ќе бидат префрлени на сметка на клубот/здружението, на рати во текот на годината по потребите на клубовите

Клубовите/здруженијата кои имаат добиено финансиски средства поднесуваат годишен извештај за потрошените средства, најдоцна со поднесувањето на програмата за наредната година.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-715/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

.............................................

**19.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Правилник**
**за условите, критериумите и постапката за доделување финансиска поддршка за стекнување и унапредување на тренерски лиценци или спортски работници во Општина Струмица**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, постапката, начинот и обврските за доделување финансиска поддршка за стекнување или унапредување на тренерска лиценца или спортска администрација во областа на спортот, со цел развој и унапредување на стручниот тренерски и спортски кадар во Општина Струмица.

**Член 2**

Финансиската поддршка се доделува преку јавен повик, согласно Програмата за спорт на Општина Струмица и средствата обезбедени во Буџетот на Општината.

**Член 3**

Корисници на финансиската поддршка се физички лица – поединци. Право на аплицирање немаат спортски клубови или други правни лица.

**Член 4**

Тренерска лиценца, во смисла на овој Правилник, е лиценца издадена од надлежна национална или меѓународна спортска федерација, призната од надлежен државен орган.

**II. КАТЕГОРИИ НА КОРИСНИЦИ**

**Член 5**

Право на аплицирање имаат лица кои припаѓаат во една од следните категории:
Категорија 1 – Млади лица (идни или постоечки тренери/спортски работници)
Категорија 2 – Активни или поранешни спортисти

Лице кое ги исполнува условите за двете категории може да аплицира само во една категорија, по сопствен избор.

## III. УСЛОВИ ЗА КАТЕГОРИЈА 1 – МЛАДИ ЛИЦА

**Член 6**

Право на аплицирање во Категорија 1 има лице кое:
- не е постаро од 30 години на денот на аплицирање;
- е државјанин на Република Северна Македонија;
**- поседува важечка лична карта со пријавено постојано живеалиште на територија на Општина Струмица;**
- аплицира за стекнување на почетна тренерска лиценца, за унапредување на веќе стекната лиценца или спортски административец.

## IV. УСЛОВИ ЗА КАТЕГОРИЈА 2 – АКТИВНИ И ПОРАНЕШНИ СПОРТИСТИ

**Член 7**

Право на аплицирање во Категорија 2 има лице кое:

- е активен спортист или поранешен активен спортист кој ја има завршено натпреварувачката кариера;
- има најмалку 5 години активно натпреварување на сениорско или професионално ниво;
- доставува доказ за спортска активност или прфесионални договори;
- аплицира за тренерска лиценца или спортски административец во спортот во кој има остварено спортска кариера;
- е државјанин на Република Северна Македонија;
**- поседува важечка лична карта со пријавено постојано живеалиште на територија на Општина Струмица.**

## V. ПРИОРИТЕТИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 8**

При донесувањето на одлуката за доделување финансиска поддршка, Комисијата ќе им даде предност на:
- лица кои се евидентирани како невработени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
- лица кои за првпат аплицираат за финансиска поддршка согласно овој Правилник;
- лица од помалку застапениот пол, во случај на еднакви услови;
- лица чие стручно усовршување е од посебно значење за развојот на спортот во Општина Струмица.

## VI. ВИСИНА И НАМЕНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Член 9**

Финансиската поддршка се доделува за:

- трошоци за стекнување или унапредување на тренерска лиценца;
- трошоци за едукации, семинари и обуки признати од национални или меѓународни спортски федерации.
- трошоци за пат и сместување;

**Член 10**

Финансиската поддршка може да биде целосна или делумна и може да се додели во форма на кофинансирање или рефундација.

Максималниот износ по корисник се утврдува со јавниот повик и не може да надмине 60.000 денари по лице, односно износ утврден во Програмата за спорт на Општина Струмица.

## VII. ПОСТАПКА И ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 11**

Постапката за разгледување на апликациите и донесување одлука ја спроведува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Струмица.

**Член 12**

Комисијата ги разгледува апликациите и носи одлука врз основа на исполнетоста на условите, приоритетите и целите на овој Правилник.

Одлуките на Комисијата се образложени и се донесуваат со почитување на принципите на еднаквост, транспарентност и недискриминација.

**VIII. ТРАЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 13**

Јавниот повик се спроведува континуирано и трае до целосно исцрпување на средствата обезбедени за оваа намена во Буџетот на Општина Струмица за тековната година.

Општина Струмица го задржува правото да го затвори јавниот повик со објавување известување по исцрпување на средствата или одлучи да ги пренамени средствата во друга категорија.

**IX. ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ**

**Член 14**

Корисникот е должен:

- средствата да ги користи исклучиво за намената за која се доделени;
- по стекнување на лиценцата да биде активно ангажиран како тренер во клуб или врши индивидуални тренинзи во Општина Струмица најмалку 24 месеци;
- да достави копија до Комисијата од стекнатата лиценца;

**Член 15**

Во оправдани случаи, Комисијата може да предложи измена или ослободување од обврските, со образложена одлука.

**Член 16**

Корисник кој нема да ги исполни обврските е должен да ги врати средствата согласно договорот склучен со Општина Струмица.

**X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-716/1
30.01.2026 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Никола Маџунков

..............................................

**20.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39, член 25 став 1 алинеја 4 и член 30 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Решение**
**за разрешување и избор на член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита**

1.Од функцијата член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита, се разрешува Александар Илиев.

2.За член на Комисијата за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата, се избира членот на Советот:

- Лилјана Јешменова Стојановиќ.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-717/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

**21.**

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**Решение**
**за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи**

1.Се разрешуваат претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи: Александар Ненчев, Тања Дедејска, Киро Грковски, Ѓорѓи Танушев, Ѓорги Стојанов, Соња Стојкова и Емилија Пандева.

2.Во Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи се именуваат:

За претседател:
- Миле Гогов

За членови:
- Селда Исмаилова,
- Ќемал Сулејманов,
- Никола Андонов,
- Игор Милев,
- Соња Стојкова и
- Емилија Пандева.

3.Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи бр. 08-4883/1 од 23.06.2022 год. донесено од Советот на општина Струмица.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-718/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

**22.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Решение**
**за разрешување членови и вршител на должност член и именување вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица**

1.Од функцијата вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се разрешува Панче Беџовски, а од функцијата членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се разрешуваат Танкица Минкова, Виолета Коцева, Софче Дончева и Трајче Тулев.

2.За вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се именуваат:

- Благој Милановиќ;
- Томе Марангозов;
- Ване Гогов;

- Александар Танев;
- Христина Пасков.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Струмица“.

Бр.08-719/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**23.**

Врз основа на член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Решение**
**за разрешување членови и вршители на должност членови и именување вршители на должност членови на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица**

1.Од функцијата член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се разрешува Лиља Манинска, а од функцијата вршители на должност членови на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се разрешуваат Митко Бујуклиев и Илија Тилев.

2.За вршители на должност членови на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Струмица се именуваат:

- Марјан Даскаловски;
- Елена Дончева;
- Ѓурѓица Дузлеска.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Струмица“.

Бр.08-720/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**24.**

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица**

1.Од должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица се разрешува Ѓорги Христов како претставник од основачот, а се именува Кире Стојчев.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-721/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

...............................................

**25.**

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14,

44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица**

1.Од должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица се разрешува Катерина Најденова како претставник од основачот, а се именува Александра Митева.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во„Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-722/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

## 26.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД„Струмица-Гас“ Струмица**

1.Се дава согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица, бр. 02-37/5 од 16.01.2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-723/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................

## 27.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.01.2026 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Ценовник за приклучување на коросници на дистрибутивната гасоводна мрежа за 2026 година на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица**

1. Се дава согласност на Ценовникот за приклучување на коросници на дистрибутивната гасоводна мрежа за 2026 година на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица, бр. 01-39/1 од 16.01.2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-724/1 Совет на општина Струмица
30.01.2026 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

..............................................